ZARIĴE
07.06.2024

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

15

Архисвки бр. ~~11-4624/1~~ УПЛ-15-1205/2024
Дата: ~~06-06-2024~~ 10.06.2024

До: Министерство за животна средина и просторно планирање
Сектор за просторно планирање
Одделение за стратегиска оцена на животната средина

Предмет: Поднесување на Одлука и Формулар за спроведување на стратегиска оцена на животна средина за Национален план за управување со отпад

Почитувани,

Согласно обврските дадени во член 65 од Законот за животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина за планскиот документ Национална стратегија за управување со отпад (2024-2036).

Во таа насока, во прилог на овој допис Ви доставуваме Одлука и Формулар за спроведување на стратегиска оцена со цел понатамошно спроведување на процедурата согласно одредбите од Законот за животна средина.

Со почит,

Директор на Управата за животна средина,
Hisen Xhemaili

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: м-р. Ана Каранфилова Мазневска
Раководител на Сектор за управување со отпад

Прилог:
- Одлука и Формулар за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Архивски бр. ~~11-4629/1~~ УП1-15-1205/2024
Дата: ~~06-06-2024~~ 10.06.2024

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден ___________ донесе:

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ, **Национална стратегија за управување со отпад (2024-2036)** што се усвојува од страна на Владата на Република Северна Македонија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ, **Национална стратегија за управување со отпад (2024-2036)**, се определуваат: Министерство за животна средина и просторно планирање, Град Скопје, општините во земјата, центрите за регионален развој на сите плански региони, регионални меѓуопштински одбори за управување со отпад, организациони единици за регионално управување со отпад рамките на центарот за развој на секој плански регион, јавни комунални претпријатија во земјата, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјала, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Агенција за просторно планирање, Државен инспекторат за животна средина, локални инспекторати за животна средина, Државен завод за статистика, регионални и локални невладини и стручни организации, бизнис заедница од областа на управување со отпад, стопанските комори, неформални собирачи на отпад.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

3. За планскиот документ, **Национална стратегија за управување со отпад (2024-2036)**, за чија изработка е одговорно Министерството за животна средина и просторно планирање и што се усвојува од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање, усвојувањето на планскиот документ **Национална стратегија за управување со отпад (2024-2036)** ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **идентификација на можните влијанија врз медиумите и областите на животната средина: воздух, површински и подземни води, почва, бучава, управување со отпад, природа и биолошка разновидност, климатски промени, здравје на луѓето и социо- економски аспекти.** Во извештајот треба да се предвидат мерки за надминување на сите идентификувани влијанија, како и да се утврдат мерки за следење на влијанијата.
5. Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на интернет страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, www.moepp.gov.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Директор на Управата за животна средина,
Hisen Xhemaili

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: м-р. Ана Каранфилова Мазневска
Раководител на Сектор за управување со отпад


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Национална стратегија за управување со отпад (2024-2036) |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Влада на Република Северна Македонија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Управа за животна средина, Сектор за управување со отпад<br>ИПА проект, Подготовка и ревизија на Националните документи за планирање отпад, Програмата ИПА II на Европската Унија |
| **Назив на работното место** | Хисен Џемаили, Директор на Управа за животна средина<br>Ана Каранфилова Мазневска, Раководител на сектор за управување со отпад |
| **Контакт податоци на лицето** | A.Karanfilova@moepp.gov.mk |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Основа за подготовка на Националната стратегија за управување со отпад (НСУО), 2024-2036 е член 22 од Законот за управување со отпад, каде Владата на Република Северна Македонија, по предлог на министерот за животна средина и просторно планирање донесува Стратегија за управување со отпадот.<br><br>Стратегијата за управување со отпад се донесува за период од 12 години, а истата се ревидира на најмалку шестата година од нејзиното спроведување.<br><br>Стратегијата за управување со отпад 2024-2036 ја претставува националната политика за управување со отпад и претставува почетна точка за подготовка и имплементација на интегриран и рентабилен систем за управување со отпад во Република Северна Македонија (РНМ). Стратегијата дава насока за управување со отпад за наредниот дванаесетгодишен период (2024-2036) и е насочена кон спречување и ублажување на негативните влијанија врз животната средина, општествениот живот и економијата предизвикани од неправилно управување со отпадот. Стратегијата ги дефинира чекорите што треба да се преземат како дел од поставувањето на системот за постепено управување со отпад врз основа на главните принципи за управување со отпад и на главните принципи за одржливо користење на природните ресурси. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Националната стратегија за управување со отпад се донесува по изминување на важноста на претходната стратегија за отпад. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да. Управување со отпад. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ \| **Член:** 3 \| **Точка** 10 \| **Алинеја:** |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Да. Националната стратегија за управување со отпад како највисок плански документ од областа на управувањето со отпадот поставува краткорочни и долгорочни цели што е предвидено да бидат исполнети со низа на мерки, меѓу кои некои од нив се инфраструктурни и |

технички.

Листата на мерки опфаќа мерки за техничко планирање, регионални системи за управување со отпад вклучувајќи и регионални депонии, подобрено собирање, директен транспорт и депонирање на отпадот, мерки за рециклирање на цврст комунален отпад, како и управување со други специјални текови на отпад и шеми за проширена одговорност на производителот.

Ова опфаќа видови на проекти што се вклучени во Прилог I или Прилог II од Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.74/05, 109/09, 164/12).

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

НЕ.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Основната цел на Националната стратегија за управување со отпад (2024-2036) е да развие одржлив, интегриран систем за управување со отпад за да се зачуваат ресурсите, да се заштити здравјето на населението и да се спречат и намалат негативните влијанија врз животната средина, да се намали емисијата на стакленички гасови и деградацијата на земјиштето.

Крајната цел е воспоставување на систем систем што ќе вклучува: спречување на создавање на отпад, избегнување на депонирање на отпад што може да се рециклира, намалување на уделот на биоразградливиот отпад во депониите, намалување и ублажување на негативното влијание на депонираниот отпад врз животната средина, климата и здравјето на луѓето и управување со отпадот според принципите на кружната економија.

Како резултат на тоа воспоставени се краткорочни и долгорочни цели.

Краткорочни цели:

| Активност | Цели | Краен рок |
|---|---|---|
| Собирање на отпад | 95% од комуналниот отпад е собран и 97% од домаќинствата се опслужени | 2029 година |
| Транспорт и пренос на отпад | Претоварни станици во најмалку 6 од 8-те региони | 2029 година |
| Локации за граѓански погодности | Воспоставување на локации за граѓански погодности, во најмалку 6 од 8-те региони | 2029 година |
| Отстранување на отпад | Регионална депонија која работи во најмалку 6 од 8 региони | 2029 година |
| Третман и обновување на отпадот | Проширување на капацитетите за третман на опасен отпад | 2029 година |
| Превенција на отпад | Спроведување на повторливи кампањи за подигање на јавната свест кај домаќинствата, како и на создавачите на отпад што не е од домаќинство, најмалку еднаш годишно | 2026 година |

| | | |
|---|---|---|
| Затворање и санација на депонии | Затворање и рехабилитација на нестандардни диви депонии каде што е утврдено присуство на опасен отпад | 2029 година |
| Организација на управување со отпад | Регионалните претпријатија обезбедуваат услуги за управување со отпад за општини од 6 од 8-те региони | 2029 година |

Догорочни цели:

| Активност | Цели | Рок |
|---|---|---|
| Законодавна рамка | Стимулации за инвестиции во индустријата за рециклирање, преку фаворизирано оданочување, намалување на отпечатокот на $CO_2$ итн. за националните индустрии | 2036 година |
| Собирање на отпад | 100% собран комунален отпад и 100% од домаќинствата опслужени | 2031 година |
| Одделно собирање отпад – Опасен отпад | Во сите општини е воспоставено посебно собирање на опасниот отпад од домаќинството | 2032 година |
| Одделно складирање и собирање отпад – Отпад од домаќинството | Одделно складирање и собирање на сув и влажен отпад од домаќинството во 60% од урбаните средини и 25% од руралните области | 2036 година |
| Транспорт и пренос на отпад | 100% од транспортот и трансферот се оптимизирани во целата земја | 2036 година |
| Депонирање на отпад – Комунален отпад | Во сите региони, целиот цврст комунален отпад што не е реупотребен може да се депонира на стандардна депонија. | 2032 година |
| Отстранување на отпад – Друг отпад | За неопасен индустриски отпад и за електричен и електронски отпад, наменски, усогласени депонии се достапни по доволен број и капацитет. | 2036 година |
| Пренасочување на депонија | Намалување на депонирањето на биоразградлив отпад за 35% во однос на 1995 година. | 2036 година |
| Реупотреба на отпадот | Инсталација и работа на капацитети за реупотреба, најмалку во 6 од 8-те региони, за комунален отпад. Исполнување на целите на ЕУ за обновување, вклучително и подготовка за повторна употреба и рециклирање. | 2036 година |
| Третман на отпад | Доволен расположлив капацитет за третман на опасниот отпад создаден во РСМ, со исклучок на тековите на опасниот отпад за кои третманот во странство е попожелен од економска и/или еколошка гледна точка | 2036 година |

| | | |
|---|---|---|
| | Инсталација и работа на капацитети за третман, во најмалку 6 од 8-те региони, за комунален отпад. | |
| Превенција на отпад | Континуирано спроведување на редовни / годишни кампањи за подигање на свеста и информирање. | 2030 година |
| Затворање и санација на депонии | Сите нестандардни диви депонии затворени и рехабилитирани. Нелегалното фрлање е сведено на случајни појави. | 2033 година |
| Организација на управување со отпад | Регионалните претпријатија обезбедуваат услуги за управување со отпад за сите општини во РСМ и се етаблираа како професионални и финансиски стабилни организации. | 2034 година |

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Национално управување со отпад.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

Стратегијата за управување со отпад се донесува за период од 12 години (член 22 од ЗУО).

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

Стратегијата за управување со отпад се се ревидира на најмалку шестата година од нејзиното спроведување (член 22 од ЗУО)..

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Националната стратегија за управување со отпад се однесува за цела територија на РС Македонија.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☒
Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да☒ (дадени во Анекс 1)
Не☐

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
*(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).*

Националната стратегија за управување со отпад (2024-2036) дава насока за управување со отпад за наредниот дванаесетгодишен период (2024-2036) и е насочена кон спречување и ублажување на негативните влијанија врз животната средина, општествениот живот и економијата предизвикани од неправилно управување со отпадот. Стратегијата ги дефинира чекорите што треба да се преземат како дел од поставувањето на системот за постепено управување со отпад врз основа на главните принципи за управување со отпад и на главните

принципи за одржливо користење на природните ресурси.

Од еколошки и здравствен аспект, реализацијата на целите преку низа на мерки што предвидуваат соодветни капацитети за отстранување на отпад, усогласени со националното и законодавството на ЕУ, треба да биде прв приоритет и да преовладува над воспоставувањето капацитети за обновување и рециклирање во случај да треба да се решат сериозни проблеми во врска со управувањето со отпадот во РСМ.

Управувањето со отпадот ќе придонесе за воспоставување циркуларна економија во РСМ. За периодот на имплементација на оваа Национална стратегија за управување со отпад, тоа значи дека ќе се стави фокус на намалување на создавање на отпадот и зголемување на употребата на отпадот како секундарна суровина. На крајот ќе се постигне: спречување на отпадот, избегнување на депонирање на отпад што може да се рециклира, намалување на уделот на биоразградлив отпад во депониите, намалување и ублажување на негативното влијание на депонираниот отпад врз животната средина, климата и здравјето на луѓето и управување со отпадот според принципите на кружна економија.

Имплементацијата на оваа Национална стратегија за управување со отпад ќе доведе до развој на одржлив, интегриран систем за управување со отпад кој ќе ги зачува ресурсите, ќе го заштити здравјето на луѓето и животните и ќе ги намали негативните влијанија врз животната средина, вклучително и намалување на стакленички гасови и деградација на земјиштето.

Иако, самиот плански документ во прв ред има за цел значајно да придонесе кон намалување на влијанијата поврзани со управувањето со животната средина и со тоа нејзина заштита, сепак активностите предвидени за постигнување на тие цели се поврзани со одредени потенцијални негативни влијанија врз животната средина и социо-економските аспекти, карактеристични за тој тип на проекти.

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста за појава на влијанија од спроведувањето на Националната стратегија за управување со отпад ќе зависи од темпото и ефикасноста на спроведување на мерките, односно постигнување на краткорочните и долгорочните цели. Имајќи предвид дека целта на стратегијата е идентификација на цели што се реални да бидат постигнати, веројатноста за појавата на влијанијата, во позитивна и негативна смисла, се очекува да биде голема.<br><br>Времетраењето на влијанијата во најголем дел е поврзана со рокот на важност на планскиот документ, односно 12 години, иако дел од тие мерки (пред се позитивни по карактер) се оечкува да бидат долгорочни (пр. јавна свест и промени во однесувањето на индивидуите и општеството кон проблемите со животната средина и отпадот).<br><br>Веројатноста, траењето, зачестеноста и реверзибилноста на ниво на специфични плански, програмски и проектни активности и поединечни проекти неопходно е да 'се анализираат на ниво на поединечни оценки на влијанијата врз животната средина. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со оглед на тоа што се работи за плански документ од национална природа што предвидува низа на цели и мерки, можноста за кумулативни влијанија е реална. Потенцијалот за кумулативност на влијанијата е поголем кај локации со постоечки активности од ист или сличен тип, локации каде повеќе активности би се преклопиле и слично. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Можноста за прекугранични влијанија е релевантен за планскиот документ и ќе биде предмет на анализа. |

| | |
|---|---|
| | Во позитивна смисла, овој аспект се очекува да биде релевантен за делот на спревување со проблемите со пластика во речните текови особено за оние што се наоѓаат во прекуграничните речни басени. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Општо земено, спроведувањето на Националната стратегија за управување со отпад се очекува да резултира со намалување на ризиците за животот и здравјето на луѓето, како и за животната средина, во поголем дел поврзани со активностите за финално одложување (депонирање), но поврзани и со собирање на отпадот, а кои досега беа поврзани со лоша хигиена, лоши работни пракси, недостиг на капацитети и ресурси, како и одговорност во спроведувањето на активностите за управување со отпад. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Планскиот документ се однесува на целата територија на РС Македонија. |

**Дел од потенцијалните економски и социјални влијанија што би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивни влијанија:

- Подобрување на управувањето со отпадот во РС Македонија преку воспоставување на поефикасна генерална политика за управување со отпадот на национално ниво.
- Подобрување на постоечката генерална состојба со отпадот.
- Подобрување на услугите за собирање отпад.
- Подобрување на општата хигиенска состојба поврзана со управување со отпадот.
- Достапноста и примена на економски и други инструменти за поттикнување на справувањето со различните проблеми со отпадот, заради примената на хиерархијата на отпад и постигнувањето на целите во управувањето со отпадот.
- Намалување на потенцијалните ризици по здравјето и болестите итн.
- Намалување на создавањето на отпадот, со тоа и влијанијата поврзани со нив.
- Потенцијал за нови деловни можности поврзани со управување со отпадот.
- Подигнување на јавната свест во врска со правилно управување со отпадот,

Негативни влијанија:

- Ограничување на пристапот за селекција на отпад за неформалните собирачи на отпад, а со тоа намалување на приходите за оваа засегната група,
- Забрани за одредени пакување, со што би се влијаело на пазарот и бизнис заедницата.
- Зголемени трошоци за услуги за управување со отпад;

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Скрининг за значајни и чувствителни области поврзани со спроведувањето на планот треба да биде дел од претстојниот процес за СОЖС со цел избегнување на влијанија и штети поврзани со овој вредни и ранливи области.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | РС Македонија изобилува со значајно природно и културно наследство на целата своја територија кое е неопходно да биде земено во предвид при сите идни просторни и урбанистички планирања на предвидените инфраструктурни и технички капацитети за управување со отпадот. |

| | |
|---|---|
| | Ова неопходно е да биде предмет на анализа на сите специфични плански документации за секоја планирана активност, во однос на прогласено и евидентирано природно и културно наследство на територијата на регионот.<br><br>При изготвувањето на проектните документации неопходно е да се направат релевантни анализи и локациите каде што ќе се утврди присуството на природно и културно наследство ќе бидат изземени како можни локации за изградба на објекти за управување со отпад. Целиот опсег на националната стратегија за управување со отпад ќе биде предмет на скрининг во однос на релевантните национални, регионални и локални стратешки документи за заштита на природата и биолошката разновидност со цел да се идентификуваат чувствителните области или да се дефинираат соодветни мерки. |
| **Надминувања на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Инвестиционите и оперативните прашања предвидени за имплементација на националната стратегија за управување со отпад се очекува да помогнат да се ублажат постојните влијанија и да се избегнат значителни влијанија што произлегуваат од идните активности за управување со отпад.<br><br>Сите идни планирања неопходно е да ја земат предвид постоечката состојба со квалитетот на медиумите на животната средина и чувствителните средини каде стандардите за квалитет се нарушени или под ризик да бидат нарушени. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Нема доволно информации од овој тип во оваа фаза.<br><br>Ќе биде предмет на анализа на сите специфични плански документации за секоја планирана активност. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите што имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Со цел избегнување на влијанија од овој карактер, неопходно е да се идентификуваат овој тип на подрачја и истите да бидат земени во предвид при сите идни просторно и урбанистички планирања на капацитетите за управување со отпадот.<br><br>Влијанијата врз области или предели со статус на национални или меѓународни заштитени подрачја ќе бидат предмет на анализа на сите специфични плански документации за секоја планирана активност и како и дел од сите постапки за оценка на влијанието врз животната средина од одделните проекти предвидени со планскиот документ. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Националната стратегија за управување со отпад (2024-2036) има за цел воспоставување на систем за управување со отпад во РСМ. Стратегијата дава насока за управување со отпад за наредниот дванаесетгодишен период (2024-2036) и е насочена кон спречување и ублажување на негативните влијанија врз животната средина, општествениот живот и економијата предизвикани од неправилно управување со отпадот. Стратегијата ги дефинира чекорите што треба да се преземат како дел од поставувањето на системот за постепено управување со отпад врз основа на главните принципи за управување со отпад и на главните принципи за одржливо користење на природните ресурси.

Националните и регионалните планови за управување со отпад, како и плановите за управување со отпад што треба да ги подготват создавачите на отпад и компаниите за управување со отпад, треба да ја земат во предвид Стратегијата за управување со отпад.

Националната стратегија за управување со отпад е дел од севкупната рамка на политиката за животна средина на РСМ и други национални документи поврзани со заштита на животната средина, климатските промени, енергетската ефикасност и индустриското загадување.

Особено значајна улога во спроведување на системот за управување со отпад имаат:

- МЖСПП како одговорен за развојот на политиката и законодавството за управување со отпад,
- општините што имаат обврска да вршат работи од јавен интерес од локално значење на нивната територија, односно се одговорни за собирање, транспортирање и постапување со општинските комунални и технолошки отпади.
- планските региони во РСМ, со формирање на меѓуопштински одбори за управување со отпад, со основање на регионални компании за управување со комунален отпад со согласност и/или учество на МЖСПП и тие, во име на општините и нивните жители, ќе ги преземат активностите поврзани со управувањето со комуналниот отпад првично спроведени од општините. Регионалниот систем се состои од регионална депонија и/или други капацитети и инсталации за третман на отпад.
- Невладините чинители од приватниот сектор, вклучувајќи ги компаниите (наведени како колективни постапувачи) кои ги спроведуваат шемите за проширена одговорност на производителот, компаниите кои користат услуги и компаниите кои обезбедуваат услуги за постапување со отпад, како и невладините организации (НВО), неформалниот сектор и пошироката јавност.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Националната стратегија за управување со отпад (2024-2036) се однесува за целата територија на РС Македонија.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Со Националата стратегија за управување со отпад се очекува да се обезбеди чиста и здрава животна средина за населението и со тоа да придонесе за одржлив развој на државата и намалување на еколошките проблеми.

Националната стратегија ќе придонесе за подобрување на управувањето со сите текови на отпад во РС Македонија, намалување и потенцијал за елиминирање на постоечките проблеми со општата хигиенска состојба. Така, Националната стратегија ќе придонесе за подобрување на квалитетот на еколошките медиуми (воздух, вода и почва) и долгорочно, помош за намалување на ризиците по здравјето и болестите.

При изборот на целите и мерките за постигнување на целите неопходно е приоритет да се стави на оние со помал вкупен еколошки отпечаток, помало влијание врз климатските промени итн, со цел усогласување со други поврзани цели за животна средина. Имплементацијата на предвидените мерки и санирањето на постоечките проблеми поврзани со сегашните несоодветни пракси за постапување со отпад се очекува значително да ги намали вкупните емисии на стакленички гасови од секторот за управување со отпад.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Постоечки еколошки проблеми што се релевантни за планскиот документ се:

- Нарушен квалитет на амбиентниот воздух во повеќето градски средини во земјата,
- Нарушен квалитет на површинските води во поголемиот дел од земјата,
- Нарушен квалитет на почвата во делови од земјата засегнатите со индустриски, земјоделски и други антропогени активности,
- Високи емисии на стакленички гасови од секторот за управување со отпад,
- Лоша хигиенска состојба поврзана со собирањето и одлагањето на отпадот,
- Ниска јавна свест за животната средина и конкретно поврзано со управувањето со отпадот.
- Недоволни заложби и приоритети на ова прашање кај носителите на одлуки,
- Недоволни технички, човечки и финансиски ресурси/капацитети за управување со отпадот.

**Објаснете како планскиот документ што е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Имплементацијата на Националната стратегија за управување со отпад произлегува од законодавството за управување со отпадот, но и од реалните еколошки проблеми во регионот.

Од аспект на хиерархијата на планирање, Националната статегија е поврзана со низа национални и регионални стратешки документи.

Во однос на управувањето со отпадот, Планот е поврзан со:

- План за управување со отпад на РС Македонија (2021-2031),
- Регионални планови за управување со отпад,
- Општински планови за управување со комунален отпад.

Во однос на управувањето со водите, Националната статегија е поврзана со:

- Стратегија за водите на РС Македонија (2011-2041 година);
- План за управување со сливот на Охридското Езеро,
- План за управување со сливот на р. Брегалница.

Во однос на управувањето со квалитетот на воздухот, Националната статегија е поврзана со:

- Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019);
- Втор национален план на Република Македонија кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2008);
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030);
- Втор национален акционен план за животна средина на Република Македонија (2006).

Во делот на природата и биодиверзитетот:

- Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027,
- Национална стратегија за биолошка разновидност (2018-2023);

Во делот на природно и културно наследство:

- Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023-2030),
- План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план.

Во делот на просторно планирање:

- Просторен план на РС Македонија (во подготовка),

Во однос на управувањето со земјоделството и шумарството:

- Национална програма за земјоделство и рурален развој (2013-2017);
- Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (2006);

Други стратешки документи:

- Програма за развој на Полошки плански регион 2021 – 2026;
- Програма за развој на Скопски плански регион 2021 - 2026 година,
- Програма за развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Југозападен плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Североисточен плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Пелагониски плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 година,
- Национална транспортна стратегија (2018-2030);
- Национална развојна стратегија (2024-2044);
- Национален акционен план за здравјето на животната средина.

Националната стратегија треба да ги опфати стратешките насоки дадени во овие плански документи и да се предвидат соодветни мерки за нивна поддршка и усогласеност.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Националниот план за управување со отпадот 2021 до 2031 година бил предмет на стратегиска оцена на животната средина во 2020 година. Во продолжение се пренесени главните заклучоци и препораки од СОЖС извештајот.

Извештајот носи заклучоци и препораки по однос на различни прашања релевантни за планскиот документ. Во прилог резиме на клучните:

- Додавање на дополнителна стратешка цел за подигнување на јавната свест за управување со отпад.
- Поставување на квантифицирани, јасни и мерливи индикатори за следење на имплементацијата на акциониот план.
- Разгледување на можностите за конкретно поттикнување на приватниот сектор за негово поактивно вклучување во имплементацијата на планот, преку анализа и усвојување на финансиски, фискални и други мерки за зајакнување на развојот на пазарот на услуги и производи.
- Поголема транспарентност преку редовно информирање и објавување на годишни извештаи за имплементација на целите.
- Дополнување со неопходните поглавја.
- Воведување на обврска за задолжителна евалуација на планскиот документ.
- Поставување на цели на локално ниво заедно со мерливи индикатори.
- Неопходна е силна и јасна политичка волја за постигнување на стратешките цели за управување со отпад и усогласување со ЕУ законодавството.
- Подобра и поголема контрола над спроведувањето на обврските на регионално ниво и воведување на обврски за известување и јавно информирање за спроведувањето на целите.

| |
|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).** |
| Националната стратегија дава јасна насока за потребата од воспоставување на системи за управување со отпад. За овие активности неопходно е спроведување на оценка на влијанието врз животната средина од конкретни проекти, што служи за дефинирање на влијанијата врз животната средина од активностите за изградба и работа на објекти за постапување со различни текови на отпад.<br><br>За специфични регионални активности за управување со отпад ќе бидат подготвени планови и програми како што се Извештаи за СОЖС, Студии за ОВЖС, Елаборати за заштита на животната средина и А или Б Барања за интегрирани еколошки дозволи, со посебен акцент на здравјето на населението, водата, воздухот, почвата, климата, биодиверзитетот, отпадот, бучавата, природното и културното наследство, материјалните добра, вибрациите, јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење итн.<br><br>Сите потенцијални влијанија неопходно е да бидат анализирани во подготвителната, конструктивната, оперативната и пост-оперативната фаза и ќе се обезбедат мерки за нивно отстранување или избегнување.<br><br>Заклучоците и препораките од спроведената постапка за стратегиска оценка на животната средина за националната стратегија за управување со отпад задолжително треба да се земат во предвид при сите идни оценки на влијанијата од пониско ниво за конкретни проекти што произлегуваат од стратегијата. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Хисен Џемаили<br><br>Управа за животна средина,<br><br>Директор |
| **Датум**<br><br>**Место** | Скопје<br><br>Јуни, 2024 год. |